Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите

# УПАТСТВО
# ЗА УПОТРЕБА НА КОНФЕРЕНЦИСКИ СРЕДБИ

Скопје, јуни 2020 година

Врз основа на член 29 став (2) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), директорот на Управата за извршување на санкциите донесе

# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА КОНФЕРЕНЦИСКИ СРЕДБИ

### Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот и динамиката на конференциските средби, со цел да се обезбеди ефикасна меѓусекторска соработка во насока на подобрување на процесот на ресоцијализација на осудените лица.

### Член 2

Во функција на ефикасно остварување на третманот на осудените лица неопходна е континуирана соработка на вработените лица во секторот за ресоцијализација, затворската полиција и здравствените работници кои пружаат здравтсвена заштита во установата.

Реализацијата на индивидуалната програма за третман на осудените лица се остварува со планиран и организиран пристап на вработените кои учествуваат во третманот преку одржување на конференциски средби.

## I. ВИДОВИ КОНФЕРЕНЦИСКИ СРЕДБИ

### Член 3

Во казнено-поправните установи се одржуваат три видови конференциски средби:

1. Класификациона конференциска средба;
2. Редовни конференциски средби и
3. Конференциска средба за отпуст.

## 1. Класификациона конференциска средба

### Член 4

На класификациона конференциска средба учествуваат директорот на установата и стручниот тим од приемното одделение во состав од: психолог, педагог, социјален и здравствен работник и раководителот на секторот за ресоцијализација.

Членовите на стручниот тим секој од доменот на својата стручност даваат значајни и неопходни податоци за личноста на осуденото лице по претходно направена анализа на податоците добиени од: опсервацијата за време на престојот во приемно одделение, проценката на ризик, личното досие, судската документација, други добиени сознанија од МВР, суд и други органи, податоците од претходно однесување во тек на издржување на казна затвор или мерка притвор, како и од увидите и сознанијата од вработените со кој остварил контакт.

Врз основа на критериумите за класификација на осудените лица и добиените резултати од проучувањето на личноста на осуденото лице, стручниот тим му предлага на директорот на установата програма за третман на осуденото лице (план на казна).

Директорот на установата врз основа на предлогот од стручниот тим донесува решение за класификација на осуденото лице во соодветно одделение односно третманска група заради примена на индивидуална програма за третман.

## 2. Редовни конференциски средби

### Член 5

За успешна реализација на програмата за третман на осуденото лице се одржуваат редовни конференциски средби.

На редовните конференциски средби учествуваат: раководител на сектор за ресоцијализација, одговорен воспитувач, одговорен инструктор, припадник на затворската полиција и здравствен работник.

Со конференциските средби раководи раководител на сектор за ресоцијализација, а се свикува веднаш по извршената класификација на осуденото лице.

## Член 6

Учесниците на првата редовна конференциска средба се запознаваат со значајните карактеристики на личноста на осуденото лице, извршената класификација и утврдената програма за третман (план на казна).

## Член 7

По првата конференциска средба во зависност од должината на изречената казна затвор на осудените лица се одржуваат редовни конференциски средби, со цел секој учесник да се произнесе за степенот на реализација на програмата за третман на осуденото лице.

На конференциските средби, од страна на учесниците задолжени за секое осудено лице се разгледуваат и внесуваат извештаите во индивидуалната програма за третман (план на казна).

Во зависност од степенот на ресоцијализација на осуденото лице, се вршат измени и дополнувања на програмата за третман на осуденото лице кое се врши на конференциска средба.

## Член 8

Одржувањето на конференциските средби зависи од должината на изречената казна затвор и тоа:

- за лица осудени на казна затвор до 1 година, конференциски средби се одржуваат најмалку на ½ од изречената казна затвор;
- за лица осудени на казна затвор над 1 година, конференциски средби се одржуваат најмалку на секои 6 месеци;
- за лица осудени на долготрајна казна затвор и доживотен затвор, во првите 2 години конференциските средби се одржуваат најмалку на секои 6 месеци, а во останатиот дел од издржување на казната затвор се одржуваат еднаш годишно.

Во исклучителни случаи, конференциските средби се одржуваат и надвор од наведените временски рамки.

3. Конференциска средба за отпуст

Член 9

По реализација на активностите предвидени во делот на подготвување за отпуштање на осуденото лице од установата, се одржува конференциска средба на која секој од учесниците дава мислење за реализација на индивидуалната програма за третман и во зависност од степенот на успешноста на пеналниот третман се утврдува потребата од постпенална помош по издржувањето на казната затвор.

На конференциската средба за отпуст учествуваат: раководител на сектор за ресоцијализација, одговорен воспитувач, одговорен инструктор, припадник на затворската полиција, социјален и здравствен работник, пробациски службеник и по потреба претставник од Центарот за социјални работи.

Оваа конференциска средба се одржува непосредно пред отпуштањето на осуденото лице од установата.

Член 10

За секоја одржана конференциска средба се составува записник, кој се чува во архивата на установата.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за употреба на конференциски средби број 08-1288/1 од 23.12.2011 година.

Член 12

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Број 01 – 1028/1
16.06.2020
Скопје

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА
ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ,
Јовица Стојановиќ